Macedonian Language E-learning Center
macedonianlanguage.org

Интернет центар за Македонски јазик
македонскијазик.орг

# Извадок од предговорот на „Парите се отепувачка“, драма од Ристо Крле

Подцртајте ги сите именки во текстот. Дајте ја множината за именките во еднина, и еднината за именките во множина. Има ли именки за кои не постои множина? Потоа дајте ја најверојатната изброjана множина. Запомнете дека само именки од машки род имаат изброjана множина.
Underline the nouns in the text. Provide the plural of nouns found in the singular and the singular of nouns found in the plural. Are there any nouns for which there is no plural? Then provide the most likely plural used with numerals. Remember that only masculine nouns have this plural form.

...

Од почетокот на 1920 година до февруари 1924 година, кога отидов во војска, бев многу активен член на театарската група при КУД „Црни Дрим“. Бев многу загреан и, и за да вникнам во пиесата, ролјите сам ги препишував. Така во мене се роди амбиција дека и јас би можел да напишам драмско дело. Но ми недостигаше инспирација, поправо случај што би ме инспирисал. И тој дојде по завршувањето на кадровскиот рок.

По завршувањето на кадровскиот рок, 12 јули 1925 година, веднаш заминав право во Албанија, каде што останав нешто повеќе од една година, работејќи како чевлар при Коли Клими во Подградец. Летото 1925 година еден селанец од блиското село Аларуп дојде да купува чевли. Мајсторот Коли му понуди убави и здрави чевли и, се разбира, скапи. Но селанецот веднаш нагласи дека бара нешто ефтино – за умрени. Коли го погледна и веднаш констатира дека селанецот е длабоко возбуден и пренесувајќи се и на него болката, се заинтересира: „Млад човек ли е?...“ Аларупецот длабоко воздивна и рече:„Ех... несреќа!...“ И како да сакаше да му олесне, го опиша случајот....

| еднина | обична множина | избројана множина |
|---|---|---|

© 2008 Macedonian Language E-Learning Center